Бр. 07-1484/5-1
29.10.2012
Б и т о л а

Врз основа на член 52 алинеа 23 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, на 108-та седница одржана на ден 29.10.2012 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

1. Се усвојува Правилникот за дополнување на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, кој во интегрален текст е дел од оваа Одлука.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а Правилникот за дополнување на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

Подготвил и одобрил:
м-р Офелија Христовска

Проф. д-р Златко ЖОГЛЕВ,
Ректор

Бр. 07-1484/5-2
29.10.2012
Б и т о л а

Врз основа на член 52 алинеа 23 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на 108-та седница одржана на ден 29.10.2012 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. Се усвојува Правилникот за дополнување на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, кој во интегрален текст е дел од оваа Одлука.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а Правилникот за дополнување на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

Подготвил и одобрил:
м-р Офелија Христовска

**Проф. д-р Златко ЖОГЛЕВ,**
**Ректор**

T-3

**УНИВЕРЗИТЕТ**
**"СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**
**Битола**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 52 алинеа 23 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на 108-та седница одржана на ден 29.10.2012 година, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ
## на
## ПРАВИЛНИКОТ
## за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола

Член 1

Во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (Пречистен текст) - (Билтен Бр.356 од 01.12.2011 година), по членот 55, се додава нов **член 56**, кој гласи:

**Член 56**

**После три неуспешни полагања на завршниот испит по одреден предмет, студентот има право при пријавувањето на испитот да поднесе Барање до деканот/директорот на единицата, за полагање на испитот пред нова Комисија.**

**Постапувајќи по Барањето на студентот, деканот/директорот на единицата донесува Одлука за формирање на Комисија од три члена, пред која студентот, во таа испитна сесија, ќе го полага испитот.**

**Комисијата е составена од тројца наставници од иста или сродна наставно-научна област, при што во новоформираната Комисија не можат да бидат вклучени двајцата членови од претходната Комисија. Испитот пред Комисијата задолжително се полага писмено.**

Член 2

Постојниот член 56 во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (Пречистен текст), станува член 57, а редоследно, за еден, се корегираат сите наредни членови во Правилникот.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Проф. д-р Златко Жоглев,**
**Ректор**

T-3

**УНИВЕРЗИТЕТ**
**" СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**
**Битола**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 52 алинеа 23 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на 108-та седница одржана на ден 29.10.2012 година, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ
# на
# ПРАВИЛНИКОТ
## за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола

Член 1

Во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (Пречистен текст) - (Билтен Бр.356 од 01.12.2011 година), по членот 73, се додава нов **член 74**, кој гласи:

**Член 74**

**После три неуспешни полагања на завршниот испит по одреден предмет, студентот има право при пријавувањето на испитот да поднесе Барање до деканот/директорот на единицата, за полагање на испитот пред Комисија.**

**Постапувајќи по Барањето на студентот, деканот/директорот на единицата донесува Одлука за формирање на Комисија од три члена, пред која студентот, во таа испитна сесија, ќе го полага испитот.**

**Комисијата е составена од тројца наставници од иста или сродна наставно-научна област, од кои најмалку еден наставник треба да биде од иста наставно-научна област. Предметниот наставник не може да биде член на оваа Комисија. Испитот пред Комисијата задолжително се полага писмено.**

Член 2

Постојниот член 74 во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (Пречистен текст), станува член 75, а редоследно, за еден, се корегираат сите наредни членови во Правилникот.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Проф. д-р Златко Жоглев,**
**Ректор**